Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 08-1893/1
Датум: 25-02-2026 година

ДО:

Предмет: Барање на податоци
Врска: Подготовка на Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2027-2031 година

Почитувани,

Согласно Законот за буџети („Сл.весник на РСМ“ бр.203/22, 76/24, 272/24 и 258/2025) и Упатството за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање („Сл.весник на РСМ“ бр.277/24), Министерството за финансии е во фаза на подготовка на Фискалната стратегија за период 2027-2031 година, со цел нејзино доставување во Владата на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок.

Во Министерството за финансии во тек се активностите за подготовка на Фискалната стратегија за наредниот среднорочен период 2027-2031 година, со која се дефинираат насоките и целите на макроекономската и фискалната политика, политиката на јавниот долг, како и износите за главните категории на проценетите и одобрените средства за наредниот период.

Согласно член 17 став 2 од Законот за („Сл.весник на РСМ“ бр.203/22, 76/24, 272/24 и 258/2025) и Упатството за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање („Сл.весник на РСМ“ бр.277/24), Министерството за финансии доставува циркуларно писмо за Фискална стратегија со насоки за подготовка на фискалната стратегија до матичните буџетски корисници во согласност со временската рамка.

Врз основа на став 3, буџетските корисници на Буџетот на државата потребно е да подготват фискални проекции врз основа на постојно законодавство и постојни обврски (основно сценарио) и предлог за нови проекти и нови финансиски обврски (нови иницијативи).

Во оваа насока, потребно е да се има предвид среднорочно основно сценарио, со цел понатаму да се утврди фискалниот простор за финансирање на новите иницијативи, или пак потребата за буџетски кратења.

I. Основно сценарио

Под основно сценарио се подразбира утврдување на среднорочните расходи и приходи од вршење на „вообичаените надлежности“ кои произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи. Основното сценарио не треба да ги опфати новите иницијативи за финансирање за следните години.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

1.Основно сценарио на расходи

Како појдовна точка за основното сценарио е реализацијата од претходната година и буџетот од тековната година, прилагодени за еднократните мерки кои произлегуваат од законските обврски, од движењето на индексите (прилагодување на пензиите и надоместоците во случај на невработеност според индексот на потрошувачките цени/трошоците за живот), или од потпишаните одобрени повеќегодишни обврски и проекти.

Во однос на вработените и трошоците за плата, основното сценарио треба да се базира на тековната состојба на вработените, пензионирањата и добиените нереализирани согласности за вработувања (нови вработувања или унапредувања за кои не е добиена согласност од МФ не треба да се планираат во основното сценарио).

2. Основно сценарио за приходи

Основното сценарио за приходи се планира на шестоцифрено ниво. При проекција на буџетските приходи од донации и заеми, предвид се земаат само оние донации и заеми кои веќе се поткрепени со потпишан договор, или пак се во фаза на потпишување (усогласени со единиците надлежни за имплементација на проектите).

II. Нови иницијативи

Новите иницијативи за финансирање се доставуваат во посебен образец, одделно од основното сценарио. Како нови иницијативи буџетските корисници можат да предложат нови проекти и финансиски обврски, значителна промена на временската или финансиската рамка на проектите, како и промени во законодавството кои предизвикуваат фискални импликации по буџетот.

Во насока на мерење на успешноста во реализацијата на политиката, односно мерење на ефектите од буџетските расходи во однос на резултатите при обезбедувањето на јавните добра и услуги од страна на буџетските корисници, неопходно е да предложите 3 (три) индикатори кои континуирано се следат согласно утврдените и донесените стратешки планови и донесените стратегии во соодветната област. При тоа напоменуваме на потребата еден од индентификуваните индикатори да биде родово одговорен индикатор преку кој ќе се идентификува најмалку една родова цел таму каде што е можно, потоа да се дефинира индикатор кој може да биде следен согласно утврдени меѓународни стандарди, како и индикатор преку кој ќе се мерат резулатите коишто треба да се постигнат со реализација на клучните одделни политики кои се финансираат во рамките на соодветната област.

Во функција на прецизно утврдување на максималните лимити на расходи по буџетски корисници, Ве молиме податоците за Фискалната стартегија да ги доставите електронски, преку апликацијата Е-циркулар, достапна на следниот линк: https://ecirkular.finance.gov.mk/. Истите е потребно ги доставите и во писмена форма потпишана од министер, до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови, најдоцна до 06.03.2025 година (печатената верзија се обезбедува од самата апликација Е-циркулар).

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Влезот во апликацијата и внесот на податоци е ист како при пополнување на буџетското барање. Треба да се одбере полето „Проекции за фискална стратегија“ и соодветно полињата „основно сценарио“ или „нови иницијативи“.

Планираните приходи и расходи во основното сценарио за период од пет години 2027-2031 се внесуваат по извори на финансирање (видови сметки) и по потпрограми. Буџетскиот корисник може да предложи максимум три нови иницијативи, за кои треба да достави соодветно образложение.

За буџетските корисници на кои при планирање на проекциите им се потребни макроекономски податоци истите дополнително ќе им бидат доставени електронски.

Подетално појаснување за основното сценарио и новите иницијативи може да најдете во Прирачникот за среднорочна буџетска рамка и среднорочна рамка на расходи, достапен на веб страната на Министерство за финансии или на следниот линк:

https://finance.gov.mk/%d0%b7%d0%b0%d1%98%d0%b0%d0%ba%d0%bd%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%be%d1%80%d0%be%d1%87%d0%bd%d0%be%d1%82%d0%be-%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82%d0%b8-2/

Доколку бараните податоци не ги доставите во целост и со потполна точност до предвидениот рок, Министерството за финансии го задржува правото по сопствена процена да ги утврди максималните лимити на расходи за наредниот среднорочен период, кои се основа на буџетот за подготовка за наредниот период.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Оливера Маркоска Ивановски
Одобрил: Floreta Hasani
Аница Ианоска – Стрезовски/Тања Трипунова
Проверил: Јасмина Вукиќевиќ
Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk